АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 23.05.2019

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 2877 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани

3. **Датум на извршување на надзорот:** 23 мај 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари"*.

5. **Претходно изречена мерка: /**

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека РТД РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани <u>ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   <u>Образложение:</u> При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на РТД РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани во 2018 година Агенцијата констатираше дека на 31.12.2018 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал три лица, од кои ниту едно не било ангажирано како новинар со висока стручна спрема. Поради тоа, на 08.05.2019 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2612/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 17-ти и 23-ти мај 2019 година (Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 20.05.2019, издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, и два договори за деловна соработка склучени помеѓу радиодифузерот и две физички лица) е видно дека <u>во радиостаницата се вработени вкупно пет лица, од кои две со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.</u>